**Закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија**

**Член 1**

Во Законот за Црвениот крст на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/94, 7/97 и 21/98), членот 26 се менува и гласи:

„ Црвениот крст остварува финансиски средства од:
-членарина од своето членство;
-надоместоци утврдени со овој и друг закон;
-подароци, завештанија и легати;
-доброволни прилози;
-закупнини;
- Буџетот на Република Македонија, буџетот на општините, градот Скопје и општините во град Скопје;
-донации и спонзорства;
-дејности со кои се стекнува добивка употребена за целите и задачите утврдени со Статутот;
-приходи од инвестиции, дивиденди, камати и заеми;
-услужни дејности сврзани со функцијата на Црвениот крст; и
- парични средства и други приходи утврдени со закон.”

**Член 2**

Членот 27 се менува и гласи:

„Во корист на Црвениот крст се плаќаат надоместоци, и тоа:
- 3% од цената на влезницата за културно-забавни манифестации, концерти и фестивали и саемски манифестации од локален, државен и меѓународен карактер, освен за концерти со хуманитарен карактер, театарски претстави, изложби на слики, скулптури и други претстави и приредби што ги организираат ученици во училиштата и студенти на факултетите;
- 3% од цената за секоја влезница за спортски натпревари, освен за аматерски спорт; и
- надоместок при регистрација на возила.

Основ за плаќање на надоместокот од став 1 алинеите 1 и 2 на овој член, е продажната цена на влезницата.

Собраните средства од став 1 алинеите 1 и 2 на овој член, се уплатуваат најдоцна во рок од 30 дена од денот на одржување на настанот на сметката на Црвениот крст.

Црвениот крст на Република Македонија со посебен акт го утврдува начинот на распределба на собраните средства од став 1 на овој член.”

**Член 3**

По членот 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

„Член 27-а

Висината на надоместокот од член 27 став 1 алинеја 3 од овој закон, што се наплаќа за Црвениот крст од домашни правни и физички лица при регистрација на возила изнесува, и тоа за:

1) моторцикли, трицикли и четирицикли:
-до 100 cm3 надоместок од 15,00 денари,
-од 101 cm3-250 cm3 надоместок од 20,00 денари,
-од 251 cm3-750 cm3 надоместок од 40,00 денари,
-над 751 cm3 надоместок од 65,00 денари.
2) патнички возила
-до 33 kW надоместок од 70,00 денари,
-од 33,1 kW-55 kW надоместок од 95,00 денари,
-од 55,1 kW-84 kW надоместок од 110,00 денари,
-од 84,1 kW-150 kW надоместок од 120,00 денари,
-над 150 kW надоместок од 130,00 денари.
3) товарни возила
-носивост до 3,5 т надоместок од 215,00 денари,
-носивост од 3,6 т–10т надоместок од 360,00 денари,
-носивост над 10,1т надоместок од 470,00 денари.
4) работни возила/трактори
- надоместок од 80,00 денари.
5) автобуси наменети за:
-меѓуопштински сообраќај и меѓународен сообраќај, надоместок од 330,00 денари и,
-градски и приградски сообраќај, надоместок од 240,00 денари.
6) влечни возила
- надоместок од 350,00 денари.
7) специјални возила
- надоместок од 80,00 денари и
8) приклучни возила
- надоместок од 190,00 денари.

Обврзник за плаќање на надоместок од став 1 на овој член, е правното или физичкото лице на чие име се регистрира возилото.

Надоместокот од став 1 на овој член, од правното или физичкото лице на чие име се регистрира возилото го наплатува овластеното правно лице за вршење технички преглед , при наплата на надоместокот за технички преглед, а доказот се приложува при регистрација на возилото.

Правното лице овластено за вршење на технички преглед ги уплатува собраните средства од став 3 на овој член, најдоцна до 15-ти во тековниот месец за претходниот месец на сметката на Црвениот крст.

Правното лице овластено за вршење на технички преглед од став 3 на овој член, доставува месечен извештај до Црвениот крст, кој содржи податоци за број на возила по категории на кои е извршен технички преглед, за надоместок по категории на возила, како и за вкупниот надоместок.”

**Член 4**

Членот 28 се менува и гласи:

„Во текот на традиционалните акции и манифестации: „Недела на борба против ракот“, „Недела на Црвениот крст“, „Недела на борба против Сидата“, „Недела на борба против градните болести и туберкулозата“ и „Недела на борба против гладта“ се издаваат доплатни марки. Издавањето, дистрибуцијата, продажбата и пресметката на доплатни марки ја врши Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост – Скопје, согласно закон.

За времетраење на акциите и манифестациите од став 1 на овој член, во полза на Црвениот крст се плаќа надоместок во висина од 30% од номиналната вредност на доплатната марка за писма до 20 грама на секоја поштенска пратка во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, освен пратките за книги и списанија.

Надоместокот од став 2 на овој член, го наплаќаат Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост – Скопје и други даватели на поштенски услуги, согласно закон.

Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост – Скопје и други даватели на поштенски услуги, собраните средства од надоместокот од став 2 на овој член ги уплатуваат во рок од 30 дена од денот на одржувањето на акцијата или манифестацијата на сметка на Црвениот крст на Република Македонија.

Црвениот крст со акт ги определува деновите кога се организираат акциите и манифестациите од став 1 на овој член.“

**Член 5**

Членот 30 се менува и гласи:

„Надзор над извршување на обврските од членовите 27, 27-а, 28 и 29 од овој закон, во однос на наплатата и уплатата на надоместоците го вршат надлежените органи кои вршат надзор над работењето на правните субјекти од членовите 27, 27-а, 28 и 29 од овој закон.“

**Член 6**

Членот 34 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 3000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице ако не ги наплати и не изврши уплата на надоместоците во корист на Црвениот крст и не достави месечен извештај до Црвениот крст, согласно членовите 27, 27-а и 28 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот 1 на овој член, и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече на службеното лице во правното лице за дејствија од ставот 1 на овој член.”

**Член 7**

Членот 35 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 5000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице кое неовластено го употребува името Црвен крст спротивно на член 9 од овој закон**.**

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот 1 на овој член, и на одговорното лице во правното лице."

**Член 8**

Членот 36 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице:

1) ако во вонредна и воена состојба го носи или го употребува амблемот Црвениот крст на Република Македонија како амблем на заштита, а го нема својството на лицето од членот 13 став 1 од овој закон; и
2) ако за време на службата кај себе ја нема легитимацијата од членот 15 од овој закон, или ако не ја носи лентата со амблемот на Црвениот крст на Република Македонија на пропишаниот начин или ако го изгуби својството на лице врз основа на кое ја добил легитимацијата и лентата, а не ги врати на надлежниот орган (член 16)."

**Член 9**

По член 36 се додава нов член 36-а, кој гласи:

„Член 36-а

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд."

**Член 10**

Подзаконските акти предвидени со овој закон, Црвениот крст на Република Македонија ќе ги донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".